Студиска програма: **Осигурување (втор циклус на студии)**

Времетраење на студиската програма: **1 година**

ЕКТС кредити: **60**

## **<u>Цели на студиската програма:</u>**

Студиската програма по ОСИГУРУВАЊЕ во втор циклус претставува можност за унапредување на дејноста осигурување во Република Македонија низ користење на профилирани стручњаци кои ќе можат да се справат со предизвиците на современите процеси во областа на осигурувањето. Студиската програма е во функција на користење на современи методи во работните активности и оспособеност за осознавање на новите научни резултати и нивна имплементација како апликативни решенија. Конкурентноста на осигурителниот пазар бара да се стекнат проширени знаења за совремите тенденции во осигурителната дејност, а во насока на модернизирање на практиките, од аспект на областите кои се основни во осигурувањето: економските науки, правни и математичко-техничките науки, економската условеност и економските резултати, правната регулираност и контролата на сложените активности. Тоа всушност значи дека преку едукативниот процес се овозможува правилно управување со ресурсите како во рамките на просторните целини и административните рамки, така и со стопанските субјекти кои делуваат во областа на осигурувањето.Профилираниот кадар се стекнува со продлабочени знаења кои овозможуваат правилен пристап во планирањето и реализирањето на работните процеси во оваа област. Целта и оправданоста за воведување на студиската програма ОСИГУРУВАЊЕ претставува профилирање кадар кој стекнува знаења, способности и вештини за успешен пристап во организирањето, планирањето и реализирањето на активностите во осигурителната дејност.

## **<u>Резултати од учење (специфични дескриптори на квалификации)</u>**

### **Знаење и разбирање**

Со завршување на вториот циклус на студии, студентите се стекнуваат и покажуваат знаења и разбирање од областа на осигурувањето според високо – образовни и научни меѓународно признати стандарди. Со тие знаења и разбирање завршените студенти стануваат оспособени да применат соодветни методологии за решавање сложени проблеми во осигурителната дејност, како на систематски, така и на креативен начин. Тоа обезбедува основа и можност за оригиналност во развивањето и примената на автономни идеи во контекст на истражувањето на регулативите во осигурувањето, како и на осигурителниот пазар и неговите специфики. Студиската програма на втор циклус ОСИГУРУВАЊЕ им овозможува на завршените студенти стекнување и градење способности за употреба на проширено и продлабочено знаење во континуитет, пратејќи ги современите трендови во осигурителниот бизнис во развиените држави со развиени научно – образовни програми. Студентите со завршен втор циклус на студии

од ОСИГУРУВАЊЕ покажуваат високо ниво на професионална компетентност во повеќе специфични научни полиња кои придонесуваат оформување сложен сублимат преточен во дејноста осигурување. Како доминантни научни полиња се издвојуваат економските науки, правните науки, социо-психолошки науки, технички и информатички науки.

**Примена на знаењето и разбирањето**

Студиската програма на втор циклус ОСИГУРУВАЊЕ им овозможува на завршените студенти изградување способности за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање. Исто така, студентите се оспособуваат за настап на осигурителниот пазар со креирана соодветност на елементите кои се неопходни. Тие изградуваат способности за компетентно вклучување на пазарот на труд во земјата и во странство.

**Способност за проценка**

Вториот циклус на студиите ОСИГУРУВАЊЕ овозможуваат стекнување на способности за синтетизирање и интегрирање на знаењето од соодветната област. Исто така овозможува стекнување способности за систематско и креативно справување со сложени прашања, за солидно проценување, дури и при некомплетни и ограничени информации, кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка. Како значајна придобивка од вториот циклус на студии за осигурување е стекнувањето способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, како и поставување на нови анализи и решенија на научна основа, а поврзано со различните сфери на осигурителната дејност.

**Комуникациски вештини**

Студентите кои го завршуваат вториот циклус на студиите ОСИГУРУВАЊЕ се стекнуваат со комуникациски вештини како што се способноста за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено. Тие се оспособуваат со стекнување на комуникациски вештини за превземање на значителна одговорност за заедничките резултати, како и за водење и иницирање на активности. Завршените студенти стекнуваат вештини за аналитичко и критичко размислување, претприемачки вештини и проценка на ризик, вештини за планирање и донесување одлуки, вештини за лидерство, како и вештини за раководење со деловни субјекти од областа на осигурувањето, менаџирање, стратегиско размислување и предвидување на активностите во областа на осигурувањето.

**Вештини на учење**

Студентите кои го завршуваат вториот циклус на студии по ОСИГУРУВАЊЕ се оспособуваат за препознавање на личната потреба за градење на понатамошни знаења

и способности за независно и самостојно делување, како институционално, така и во општествени рамки. Вештините на учење кои ги стекнуваат, на студентите им овозможуваат превземање одговорност за перманентен професионален развој и усовршување во осигурителната дејност, но и во други дејности каде нивните знаења би биле од корист.

**<u>Листа на предмети</u>**

**Семестар 9**

***Задолжителни предмети***

*Ризик и осигурување (напредно ниво) (9 кредити)*

Цел на овој предмет е студентите да се стекнат со знаења од обласна на секторот осигурување, односно теоретски и апликативни аспекти за исклучително комплексен поим ризик како и самиот бизнис осигурување.

*Управување со ризици во осигурителните компании (9 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења:

- Да ги познаваат основите за анализата на финансиските извештаи со цел да се управуваат финансиските ризици
- Разработка на основните финансиски извештаи
- Согледување на значењето на динамичката финансиска анализа
- Разгледување на функциите на одделни извештаи со кои се анализира финансиската функција со цел управување со финансиските ризици во осигурителните компании

*Студии на случај од осигурување и методи на истражување во осигурувањето (9 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења:

- Да го оцени и контролира нивото на ризик на вистинската економска нето вредност на компанијата. Ризиците се состојат од веројатни претпоставени предвидувања на каматни стапки, задоволително ниво на капитал и адекватност на резервите.
- Да креира објективна инвестициона портфолио стратегија, конзистентна на поставените цели на компанијата која овозможува менаџментот да го лимитира влијанието на екстерните пазарни сили врз основната вредност.

- Да го објаснат концептот на “гранична ефикасност при управувањето со средствата и обврските”, како пример на модел на DFA и како дел од интегрираниот пристап на управување со ризиците.
- Да изврши квантифицирање и графичко прикажување на влијанието на алтернативните инвестициони стратегии врз финансиските ризици и остварените приноси. Преку овој процес ќе се даде одговор на голем број прашања кои се однесуваат на изборот на адекватна инвестициона политика на осигурителните компании како што се: учеството на акции во инвестиционото портфолио; таргетот на траењето на портфолиото со фиксни приноси; учеството на поодделните инструменти во делот на портфолиото кое го сочинуваат инструментите кои генерираат фиксни приноси.

**Семестар 10**

***Задолжителни предмети***

*Методологија на научно истражувачка работа (4 кредити)*

Студентите од втор циклус на студии да стекнат знаења за методолошкиот пристап во научното истражување и се оспособат за самостојно применување на комплексните и меѓусебно различни методи кои во современата наука постојат, со што ќе можат со научна писменост да најдат решенија за одредени појави и величини и нивната взаемна условеност и поврзаност.

***Изборни предмети***

*Институции и пазари на осигурување (7 кредити)*

Целта на овој предмет е стекнување со потребните теоретски знаења на институциите и пазари на осигурување.

*Осигурување во меѓународната трговија (7 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да се запознат со продлабочени и напредни сознанија од областа на осигурувањето во меѓународната трговија.

*Организација и управување со неживотни осигурителни компании (7 кредити)*

Студентите од насоката осигурување ќе ги проучат специфичностите на менаџментот во услови на глобализација и другите предизвици на макроокружувањето со кои се соочуваат менаџерите во претпријатијата од туристичкото стопанство насочувајќи го својот бизнис на меѓународниот пазар. Тие ќе се здобијат со познавања за карактеристиките и способностите кои треба менаџерите да ги имаат за водењето на нивните активности на меѓународно ниво.

*Реосигурување (напредно ниво) (7 кредити)*

Цел на проучување на овој предмет е студентите да се стекнат со знаења за бизнис во реосигурување (повисоко ниво), како мошне сложена активност, што изнудува висок степен на знаење и умешност при склучување на деловните меѓународни трансакции се́ со цел да се минимизираат ризиците при нивна реализација, односно изнаоѓање на алтернативи на трансфер на ризиците.

*Организација и управување со животни и здравствени осигурителни компании (7 кредити)*

Целта на изучување на оваа наставна дисципина е да се совладаат вештините на управување во деловните субјекти од обласа на осигурувањето. Имајќи го предвид фактот дека станува збор за услужна дејност којашто е многу значајна во современото живеење, успехот на овие деловни субјекти се темели на способноста за менаџирање со квалитетот на услугите во оваа област.

*Капитал и ризик (7 кредити)*

Стартната точка и цел во анализата која се обработува во предметната програма се однесува на разграничувањето на основните поими како што се ризик, извесност, неизвесност, сигурност, случајност, веројатност и слични на нив. Но, во обидот за нивно теоретско разграничување се доаѓа до тезата дека нивното појмовното определување и соодветно класифицирање е апсолутно недоволно во надминувањето на бариерите во деловното работење на стопанските субјекти и животот на обичните луѓе а кои произлегуваат од неизвесностите кои ги содржи иднината и дека главната цел и мотив на нивното проучувањето е да се пронајдат начини тие соодветно да се третираат, т.е. да се управува со нив. Прифаќајќи го како аксиома фактот дека ризикот постои, предизвикот со кој се соочува изучувањето на оваа материја е да се испитаат голем број на постоечки теоретски истражувања и практични искуства на управување со ризикот, како и да предложат некои теоретско - логички возможни стратегии на справување со ризиците. Значи ризиците се составен дел на животот на секоја индивидуа и елемент во работењето на секој субјект, тие не можат да се избегнат, па оттаму чистата логика упатува на фактот дека мора да се изнајдат начини да се живее со нив.

*Портфолио менаџмент (7 кредити)*

Целите на наставата на овој предмет е да ги оспособи студентите да:

- Да го сфатат значењето на двата основни параметри на финансиските инвестиции: очекуваниот принос и ризикот;
- Да се разберат основната структура и улогата на институциите на пазарот на ХВ, како окружување на финансиските инвеститори;

- Да ја разберат суштината на портфолио теоријата и на теоретските модели за рамнотежните цени на ризичните имоти на пазарот на капитал;
- Да се оспособат да ги применуваат моделите за вреднување на ХВ: обврзниците, акциите и финансиските деривати
- Да навлезат во основните елементи на практиката на портфолио менаџментот, посебно од аспект на институционалните инвеститори;
- Да се запознаат со основните елементи од законската и регулативна рамка и со активноста на Македонската берза за долгорочни ХВ.

*Штети во осигурувањето (7 кредити)*

Целта е студентите да се запознаатсо основите на штетите, видовите штети и нивните карактерстики, како и различните начини на нивно надоместување, бидејќи штетите се една од основите на осигурувањето, а нивното надоместување е суштина на самото осигурување. Штетите и надометокот на истите е регулирано во законската регулатива на Репбулика Македонија, а тие прописи мора да се прочуваат, како и да се надоградуваат. Токму таквиот пристап, односно функционирањето на оваа регулатива de facto, како и давање насоки за иден развој, и отстранување на тешкотиите кои се присутни при овој процес е еден од основните мотиви за потемелно изучување на штетите и нивното надомсетвување како фундамент на осигурувањето.

*Правна регулатива во осигурувањето (7 кредити)*

Студентите да се запознаат со карактеристики на субјектите на правото во угостителството и стварите како дел од правото, а особен акцент се става на угостителското и туристичкото право, како посебна гранка на правото, односно договорите кои се користат во угостителската, турстичката и хотелската индустрија, нивното правно регулирање и посебните правила кои важат за нив, начинот на нивно склучување, како и решавање на споровите кои евентуално би се појавувале заради нив, како и правното регулирање на посебните инструменти за плаќање во туризмот. Се изучува најзначајната правна регулатива во угостителството, тргнувајќи од Уставот на РМ, различните закони во оваа сфера, и особено подзаконсите акти, кои ја регулираат суштината на оваа материја во угостителската практика, како и запознавање со меѓународните правни акти од оваа област.

*Финансиско-инвестиционен менаџмент (7 кредити)*

По завршување на наставата, студентите треба да бидат способни:

- да ја осознаат улогата и местото на финансискиот менаџер во друштвата за осигурување, како и неговата одговорност во однос на друштвото, акционерите и заедницата;
- да ја анализираат финансиската состојба на друштвата за осигурување и да ги интерпретираат основните финансиски показатели;
- да се оспособат да ги подготвуваат и да ги користат основните финансиски плански документи;

- да се запознаат со алтернативните извори на финансирање на стопанските субјекти и нивните карактеристики и да се оспособат да извршат избор на оптималната структура на капиталот;
- да го согледаат значењето на дивидендната политика и да ги анализираат нејзините влијанија врз остварувањето на целите на финансискиот менаџмент;
- за процесот за подготовката на инвестицоните студии - прединвестициони, инвестициони и други);
- за пристапите на факторските анализи за инвестиционите проекти;
- за процесот на изготвување на економски алаборати, како делови од инвестиционите студии;
- за основите за оценка на ефикасноста на инвестиционите проекти;
- за методолошкиот инстументариум за инвестиционо одлучување-универзалните инвестицони критериум, технкики и методи за нивна пресметка;
- за теориските основи и вообичаените техники за анализа на ризикот поврзан со инвестирањето - сензитивна анализа, сценарио анализа и други техники.

*Финансиски трансакции (7 кредити)*

Запознавање со техниката и технологијата на платните (финансиските) трансакции. Институционалната поврзаност на институциите од финансискиот систем за спроведување на финансиските текови во економијата. Микроекономските аспекти на трошоците од финансиските трансакции.

*Управување со ризици (7 кредити)*

Целта на предметната програма по Управување со ризици е студентите да ја осознаат важноста на управувањето со ризиците, објективниот карактер на ризиците, видовите на ризици и ризична изложеност, како и процесот на управување со одделните видови на ризици. Ако некогаш се сметало дека ризиците на работењето се врзани исклучиво за финансиски категории и финансиски аспекти на работењето, современиот пристап на Risk Management наметнува потреба од поширок поглед. Имено, поради проширувањето на комплексноста на деловните активности, глобализацијата, интернационализацијата, меѓународната конкуренција и многу други интерни и екстерни фактори, ризиците и управувањето со нив е прашање кое се однесува на сите аспекти кои директно или индиректно можат да имаат негативно влијание врз работењето. Неизвесноста на која е изложен секој деловен потег е суштествениот момент кој наметнува потреба од проучување на ризиците, нивно мерење и квантифицирање на веројатноста за нивно случување.

Со изучувањето на наставниот предмет Управување со ризици, студентите ќе ги стекнат следните компетенции:

- Согледување на потребата и важноста од управувањето со ризиците;
- Определување на факторите кои ја детерминираат ефикасноста на управувањето со ризиците;

- Развивање на способности и знаења за квантификација на односот ризик – принос;
- Совладување на постојните стратегии за управување со ризиците и развивање на способност за умешно комбинирање на истите;
- Развивање на квалификации за управување со ризиците;
- Стекнување на практични и апликативни знаења за анализа на ризичната изложеност, предвидување на потенцијалните ризици и методи и постапки за управување со нив.

*Осигурување на стоките при транспорт (7 кредити)*

Студентите да се запознаат со транспортот на различните видови на стоки, и сите манипулаивни фази при тоа, со посебен осврт на осигурувањето на стоките при транспорт. Да се оспособат теоријата од оваа област да ја применат во пракса.

*Современи финансиски системи (7 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да ги разбираат суштината и практичното значење на основните принципи на финансиите:максимизацијата на богатството,временската вредност на парите, конфликтот помеѓу ризикот и приносот, диверзификацијата како начин за намалување на ризикот, итн.
- Да ги познаваат карактеристиките и видовите на различни финансиски инструменти (обврзници,акции,штедни влогови, заеми, финансиски деривати, итн.). Истовремено,да ги разбираат принципите на вреднување на финансиските инструменти, односно основните фактори од кои зависи одлуката на инвеститорот во кој од поголемиот број финансиски инструменти ќе ги вложи своите пари.
- Да ги познаваат видовите и карактеристиките на финансиските пазари, нивните сличности и разлики, како и видовите финансиски инструменти со кои се тргува на одделните пазари.
- Да ги познаваат видовите и карактеристиките на различните финансиски институции,како и причините поради кои некои од нив (на пример банките) се пораспространети од другите.
- Да ги познаваат основните прашања со кои во практиката се соочуваат финансиските менаџери и да се здобијат со способност да решаваат некои од основните проблеми со кои тие се судруваат за време на нивното работење на финансиските пазари.

*Банкарство (7 кредити)*

Основна цел е да се спознае суштината на банкарството (банките) како специфични финансиски институци, односно нивното доминантно значење во финансискиот систем. Важна цел е да се спознае суштината на различноста на централните банки од

деловните банки, односно општествената монетарна функција на централната банка и профитната ориентираност на финансиките пазари на деловната банка. Како логично продолжение на двостепениот банкарски ситем следи и изучувањето на менаџментот на ризикот во деловните банки, од една страна, и регулативата на банките од монетарните и јавните власти, од друга страна. Поттребно е да се направи напор да се истражува емпириски банкарството во развиените економии и банкарството во растечките економии (emerging economics). Важна цел е истражувањето и на банкарскиот неуспех.

*Финансиско известување и ревизија   (7 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да ги познаваат основите на финансиското работење
- Да ги разбираат функциите на финансиското работење и ревизија
- Да ги научат начините и значењето на финансиската контрола и ревизија

*Деловна психологија   (7 кредити)*

Студентите од втор циклус на студии да стекнат знаења за бизнис однесувањето, дизајнирање на работниот процес, психолошките принципи на индивидуалното и тимското работење, мотивирањето, справувањето со конфликтите и лидерство преку кои ќе се помогне да се разбере светот на работата, светот на брзи промени, како да се надмине отпорот кон промените, но и како најдобро да се креира организациското однесување што се стреми кон промени.

*Управување со продажба на услуги   (7 кредити)*

Цел на овој предмет е студентите да стекнат знаења од управувањето со продажбата на услуги во услужниот сектор.

*Организациско однесување во услужни дејности   (7 кредити)*

Основна цел на оваа наставна дисциплина е да им помогне на постоечките и идни менаџери подобро да ги разберат и да раководат со вработените, бидејќи човечкиот фактор неизбежно е клуч за успех. Проучување на организациското однесување како системски приод. Сфаќање на начините на кои луѓето се однесуваат во организацијата и зошто се однесуваат според одреден начин, што претставува важен предуслов за успешност на менаџментот.

*Квантитативни методи  (7 кредити)*

Студентите да научат да применуваат стохастички методи во пресметка на премии за животно и неживотно осигурување, пресметка на технички резерви за неживотно осигурување, пресметки на штедна и ризико премија Анализа на бонус малус систем.

*Финансиско известување и менаџмент контрола (7 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да ги познаваат основите на менаџмент контролата
- Да ги разбираат функциите на основните видови на менаџмент контролата.
- Да ги научат начините на анализа на работење на пртпријатијата.

*Маркетинг истражувања* 4 *(7 кредити)*

Овој предмет на студентите им овозможува да го согледаат значењето на информациите при донесувањето на деловните одлуки како и да го проучат целокупниот процес на прибирање, обработка и анализа на податоците кои претставуваат информативен инпут во деловното одлучување.

*Е-Бизнис (7 кредити)*

Целта на оваа предметна програма е студентите да се запознаат со примената на информатичката технологија во работењето во компаниите од туристичката индустрија. Посебен акцент се става на пласманот на производите и услугите кои ги нудат овие компании , но со помош на современите информатички технологии.

*Бизнис Логистика (7 кредити)*

Преку предметната програма студентите ќе се стекнат со широко поимање за логистиката: 1) како управувачка концепција, вклучувајќи ги сите фази и етапи на движење на материјалните текови и услуги од местото на настанување до крајното место на користење; 2) како област на компаниско управување, вклучувајќи го интегрираното управување со основните компаниски функции – набавка, производство/операции и дистрибуција.

*Образование тренинг и вработување во услужни дејности (7 кредити)*

Детерминирање на значењето на образованието и тренингот, посебно на перманентното образование како современ концепт за остварување конкурентска предност преку постојано надоградување и усовршување на човечките ресурси. Подготовка за вработување, од една страна на оние коишто бараат работа и од друга страна на лицата или менаџерите коишто треба да го спроведат процесот на вработување. Идентификација на потребите на бразование и обука од аспект на креирање современа кадровска политика.

*Меѓународен бизнис (7 кредити)*

Цел на проучување на овој предмет е студентите да се стекнат со знаења за меѓународниот бизнис, како мошне сложена активност, што изнудува висок степен на

знаење и умешност при склучување на деловните трансакции се со цел да се минимизираат ризиците при нивна реализација.

*Меѓународни трговски конвенции и институции (7 кредити)*

Целта е студентите да ги добијат основните познавања за функционирањето, содржината, организационата структура, принципите, целите и задачите на меѓународните царински конвенции како и за функционирањето на институциите во оваа област.

*Проектен менаџмент (7 кредити)*

Да се запознаат студентите и да се оспособат во поим и дефинирање на проект, проект менаџмент, животен циклус на проектот, проект менаџер, и составување на апликација на проект од областа на туризмот.

*Маркетинг менаџмент (7 кредити)*

Цел на овој предмет е студентите од втро циклус на студии да стекнат знаења од управувањето со маркетинг активностите во претрпијатијата од повеќе стопански сектори.

*Вештини и стратегии на преговарање (7 кредити)*

Студентите од втор циклус на студии да стекнат знаења и вештини за успешни деловни комуникации во процесот на преговарање. Притоа, да стекнат знаења за воспоставување на персонални механизми за успешно преговарање и градење позитивни деловни односи.

*Однесување на потрошувачите (7 кредити)*

Студентите од втор циклус на студии да стекнат знаења за методолошкиот пристап во научното истражување и се оспособат за принципите и механизмите на потрошувачката, процесот на мотивирање и донесување одлука за купување на производи и услуги.

*Интеркултурна компетенција во деловниот дискурс (7 кредити)*

Компетенција во интеркултурната комуникација, Развивање, сензибилизирање и подобрување на компетенциите во интеркултурни ситуации на учесници во полето на деловниот дискурс. Инкорпорирањето на меѓукултурните односи, а со тоа меѓукултурната комуникативната компетенција претставува појдовна основа за успешна деловна соработка што ја покрива овој предмет.

*Компаративен јавен менаџмент (7 кредити)*

Целта на предметната програма е студентите да ги хадоградат своите познавања со специфичностите на менаџментот и да се стекнат со способности за ефикасно управување со институциите и органите на јавниот сектор. Посебен акцент ќе биде

ставен на знаењата како владините институции, непрофитните и финансиските институции да ја креираат свијата политика и стратегија за развој во услови на предизвици на окружувањето и какви насоки на водење на човечките ресурси во овие организации треба да се превземаат за нивни успешен развој.

*Менаџмент во шпедитерско работење (7 кредити)*

Целта на предметната програма Менаџмент во шпедитерското работење е студентите на вториот циклус на насоката Царина и шпедиција да ги продлабочат своите стекнати сознанија за основните аспекти на менаџментот како универзален процес со специфични способности кои менаџерите во шпедитерските претпријатија треба да ги поседуваат и развиваат за да можат успешно да менаџираат со активностите кои се извршуваат во овие организации. Преку оваа програма студентите ќе добијат теоретски знаења за специфичностите на менаџерските функции во шпедитерското работење со посебен акцент на планирањето на активностите, лидерството, мотивирањето на вработените, воспоставување на добри комуникациски односи и контролирањето.

*Слободни царински зони (7 кредити)*

Целта на овој предмет е студентите да се стекнат со потребните теоретски и апликативни знаења од областа на слободните царински зони.

*Технолошки особини на стоката при транспорт (7 кредити)*

Запознавање на студентите со карактеристиките и специфичностите при транспорт на стоката. Изучување на начините на пакување, складирање и транспорт на поедини видови стока и нивна подготовка за транспорт.

*Светска трговска организација (7 кредити)*

Цел на овој предмет е студентите да се стекнат со знаења од областа на мултилатералниот трговски систем олицетворен во спогодбите на Светската трговска организација.

*Царинска заштита на интелектуалната сопственост (7 кредити)*

Цел на овој предмет е студентите да се стекнат знаења за правата од интелектуална сопственост и улогата на царината во нивната заштита.

*Меѓународна трговска логистика (7 кредити)*

Цел на проучување на овој предмет е студентите да се продлабочат знаењата за трговската логистика како значајна алка во системот на општествена репродукција без која е невозможно да се одвива меѓународниот стоков промет. Поефикасна реализација на предметната програма е условена со предзнаења на студентите за трговската логистика. Овој предмет ќе овозможи студентите да стекнат повисоко ниво на специјализација во меѓународната трговска логистика и подигнување на степенот на знаења и искуства за актуелните прашања од областа на меѓународната трговска

логистика преку понатамошен третман на економските, правните и техничките аспекти на трговската логистика Задача на изучување на овој предмет е продлабочување на теоретските аспекти на меѓународната трговската логистика – текови и политика, како и презентирање на можностите овие знаења практично да се имплементираат. Стекнатите знаења студентите ќе може да ги користат како основа за понатамошни научни истражувања од оваа област, или да ги применат во практиката преку поактивно вклучување во креирањето на државни стратегии за подобрување на логистичките перформанси на домашната земја во однос на другите земји, како и за подобрување на конкурентноста на домашните логистички оператори на меѓународните логистички пазари.

*Менаџмент во царинското работење   (7 кредити)*

Целта на предметната програма Менаџмент во царинското работење е студентите на вториот циклус на насоката Царина и шпедиција да ги продлабочат своите стекнати сознанија за основните аспекти на менаџментот како универзален процес со специфични способности кои менаџерите во Царинската служба треба да ги поседуваат и развиваат за да можат успешно да менаџираат со активностите кои се извршуваат во оваа служба. Преку оваа програма студентите ќе добијат теоретски знаења за специфичностите на менаџерските функции во царинското работење со посебен акцент на планирањето на активностите, лидерството, мотивирањето на вработените, воспоставување на добри комуникациски односи и контролирањето.

*Логистика и транспортни системи   (7 кредити)*

Студентите ќе се стекнат со знаење од областа на логистиката и транспортните системи. Ќе се оспособат да ги препознаваат основните карактеристики на транспортот, кои што имаат влијание врз управувањето на дејностите во логистичките системи. Ќе ги запознаат и применуваат методите, критериумите и показателите врз основа на кои што треба да се оптимизира транспортот.

*Контролинг   (7 кредити)*

По изучувањето на овој предмет, студентите треба да располагаат со следните области на знаења :

- Да ги познаваат основите на менаџмент контролата
- Да ги разбираат функциите на основните видови на менаџмент контролата.
- Да ги научат начините на анализа на работење на пртпријатијата.

*Менаџмент на настани и слободно време   (7 кредити)*

Со изучувањето на овој предмет треба да се истражи и сознае нивото, обемот и структурата на настаните и содржината на слободното време, и нивната поврзаност со угостителско-туристичката индустрија. Ќе се процени взаемното влијание со угостителско-туристичката индустрија, нивните фундаментални карактеристики и економските, културните и општествените ефекти.

*Меѓукултурни односи во туризмот (7 кредити)*

Предметот Меѓукултурни односи и туризам треба да ги презентира врските помеѓу културата и туризмот. Резултат на таквите интеракции е културниот туризами и културните туристички атракции како негов иманентен дел. Вториот дел е насочен кон подобрување на меѓукултурната комуникативна компетенција на студентите во полето на туризмот и туристичкиот дискурс. Инкорпорирањето на меѓукултурните односи, а со тоа неизбежно и меѓукултурната комуникативна компетенција за студентите чијашто идна професија е во полето на туристичката индустрија претставува појдовна основа за понатамошното разработување на тематиката што ја покрива овој предмет.

*Меѓународно туристичко право (7 кредити)*

Целта на овој предмет е студентите да се стекнат со потребните теоретски и апликативни знаења од областа на меѓународното туристичко право.

*Меѓународни туристички движења (7 кредити)*

Целта е студентите да ги искористат знаењата од областа на современеите движења во туристичкиот промет во светот и да се запознаат со определени регионални целини. Овие знаења ќе овозможат да се согледаат искуствата од движењата на туристите од емитивните кон рецептивните сфери и да се на тој начин оптимално пренесат во други регионални целини. Преку овие знаења ќе се утврдат емитивните зони на туризмот за секоја земја посебно. И на тој начин ќе се согледат обемот и карактерот на туристичкиот пазар.

*Интеркулурна компетенција во туристичкиот дискурс (7 кредити)*

Студентите да се стекнат со интеркултурна комуникативна компетенција, со комуникациски вештини како и разбирање и позитивен став кон културите кои претставуваат клучен елемент во јазичните интеракции во туристичкиот дискурс.

*Туризам и локален економски развој (7 кредити)*

Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаење за влијанието и значењето на туризмот за локалната заедница, како и за процесот на планирање и развивање на стратегии за развој на туризмот на локално ниво (со ставање на посебен акцент на одржливоста на локалната заедница и развивање на одржливи развојни стратегии) со цел да се интензивира локалниот економски развој односно да се максимизираат економските ефекти на локалната заедница со истовремено зачувување на нејзиниот идентитет, културното наследство и животната средина.

*Исхрана и екологија (7 кредити)*

Целта на предметот е студентите да се запознаат со поимите поврзани со науката за исхрана и екологијата како наука за заштитата на животната средина.

*Туристички вредности  (7 кредити)*

Целта на програмата е студентите да се запознаат со вредностите кои се лоцирани во емитивната, комуникативната, рецептивната и атрактивната сфера во туристичката дејност. Преку оваа дисциплина тие ќе можат да ги искористат знаењата во унапредувањето на развојот и на создавањето на поволни услови за настап на туристичкиот пазар. Оваа дисциплина овозможува согледување на макро – регионалните карактеристики на просторот во смисла на користење на вредностите како универзални категории и низ микро-регионални односи, формирање на туристички производи. Диференцијацијата на вредностите треба да овозможи конзистентност во третманот на елементите на животната средина во туристичкиот развој.

*Сообраќај во туризмот (напредно ниво)  (7 кредити)*

Изложениот материјал во оваа предметна програма на идните магистранти ќе импослужи со успех да ја извршуваат својата работа. Ќе стекнат знаење од туристичкиот сообраќај(напредно ниво), кој, впрочем е дел од туризмот, односно, од туристичката понуда и на тој начин полесно ќе се реализираат како стручњаци од туризмот во праксата.

*Менаџмент сметководство во претпријатијата во туристичката индустрија  (7 кредити)*

Цел на предметната програма е пред студентите на мастер студии да се презентираат и да се дадат знаења за управувачката улога на сметководството во туристичките системи. Во функција на таа цел на студентите ке им бидат објаснети инструментите на менаџмент сметководството, како што се средства- извори на средства модел, расходи-приходи модел, моделот на хотелски извештаи за менаџирање, методите на рацио анализа, трошоци-користи моделот, финансиското планирање и негови модели, буџетскиот модел. На тој начин студентите ќе се здобијат со знаења кои ќе им послужат во процесот на успешно водење на работењето на деловните субјекти во туристичката индустрија и избегнување на деловните ризици.

*Информациони технологии во туризмот  (7 кредити)*

Цел на овој предмет е студентите да стекнат знаења за можностите на информационите технологии во туризмот, како и да научат да прават анализи на најчесто применуваниот метод на анализа во туризмот - анкета. Методи на прибирање и обработка на податоци.

*Селективни видови туризам  (7 кредити)*

Целта на предметот е студентите да се запознаат со карактеристиките кои ги имаат селективните видови туризам во развојот на определените сегменти на оваа дејност.

Преку оваа дисциплина ќе се овозможи запознавање со влијанието што го има животната средина врз селективните видови туризам и обратно, карактеристиките на туристичката понуда и туристичката побарувачка и нивните применливи каратеристики. Во рамките на третманот на селективните видови туризам ќе се оствари целта студентите да ги препознаваат и да можат развојно да креираат. Преку селективните видови туризам студентите ќе се оспособат за успешен настап на туристичкиот пазар.

*Туризмот во националното стопанство (7 кредити)*

Целта на предметната програма е студентите да се запознаат со местото и улогата на туирзмот во националното стопанство воопшто и посебно со местото и улогата на туризмот во македонското национално стопанство и македонската економија.

*Современо хотелиерство (7 кредити)*

Целта на предметната програма е да даде содржајна наобразба на идните теоретичари, практичари и креатори на деловна политика во туризмот и посебно во хотелиерството во врска со современите тенденции и движења во областа на хотелиерството.. Сето тоа преку систематско и методско истражување, анализирање и објаснување на појавите , односите и движењата во хотелиерскиот бизнис и откривање на законитостите кои владеат со тие односи, појави и движења.

*Контролинг на бизнис активностите во туристичките системи (7 кредити)*

Цел на предметната програма е пред студентите на докторските студии да се презентираат и да се дадат знаења за управувачката функција контролинг во туристичките системи. Контролингот како функција е тесно поврзан со планирањето и опфаќа контрола на планираните активности, анализи и информирање. Во функција на таа цел на студентите ке им бидат објаснети инструментите на оперативниот и стратегискиот контролинг во функција на успешно работење на деловните субјекти во туризмот и контролирање и избегнување на деловните ризици. Исто така ќе бидат презентирани и менаџмент информациските системи како еден од најзначајните логистички елементи на корпоративното управување на туристичките системи, особено во контролингот на бизнис процесите. Со вака добиените познавања студентите ќе бидат оспособени за работа во секторот Контролинг, притоа самостојно користејќи ги инструментите на контролингот, односно, методите и технките на системите на контролингот за успешна интеграција и координација на менаџерските функции во деловните субјекти во туризмот.

*Правна регулатива во туризмот (7 кредити)*

Студентите да се запознаат со карактеристики на субјектите на правото во угостителството и стварите како дел од правото, а особен акцент се става на угостителското и туристичкото право, како посебна гранка на правото, односно договорите кои се користат во угостителската, турстичката и хотелската индустрија, нивното правно регулирање и посебните правила кои важат за нив, начинот на нивно

склучување, како и решавање на споровите кои евентуално би се појавувале заради нив, како и правното регулирање на посебните инструменти за плаќање во туризмот. Се изучува најзначајната правна регулатива во угостителството, тргнувајќи од Уставот на РМ, различните закони во оваа сфера, и особено подзаконсите акти, кои ја регулираат суштината на оваа материја во угостителската практика, како и запознавање со меѓународните правни акти од оваа област.

*Магистерски труд (15 кредити)*